Република Македонија

Министерство за финансии

# КВАРТАЛЕН ЕКОНОМСКИ ИЗВЕШТАЈ К-4-2012

## Резиме


- Во К-4-2012 година во однос на истиот квартал претходната година, **БДП** бележи раст од 0,2% на реална основа, по растот од 0,3% остварен во претходниот квартал. Просечната стапка на економски раст во 2012 година изнесува -0,3%;
- Според Анкетата на работната сила, **бројот на вработени** во К-4-2012 година е повисок за 2,9% во однос на истиот квартал претходната година. **Бројот на невработени** се намали за 2,6% на годишна основа, што во К-4-2012 година резултираше со намалување на **стапката на невработеност** на 30,6% од 31,8% во К-4-2011;
- **Стапката на инфлација** во К-4-2012 година забележа засилен раст од 4,9% во однос на истиот квартал во 2011 година, мерена според индексот на трошоци на живот;
- Просечната **бруто плата** во К-4-2012 година споредено со бруто платата во К-4-2011 година изнесува 30.979 денари и е повисока за 0,4% на номинална основа, односно пониска за 4,3% на реална основа.
- Вкупните **буџетски приходи** во К-4-2012 година се повисоки за 1,2% споредено со истиот квартал од 2011 година, а вкупните **буџетски расходи** се повисоки за 10,9%;
- Вкупниот **депозитен потенцијал** на банките во К-4-2012 година се зголеми за 2,6% на квартална основа.
- **Кредитната активност** на банките кон недржавниот сектор во К-4-2012 бележи забавена стапка на раст од 0,4% на квартално ниво.
- **Македонскиот берзански индекс МБИ-10** во декември 2012 година се намали за 5% во однос на септември 2012 година.
- Во К-4-2012 на годишно ниво забележана е контракција на **извозот** од 2,4% и раст на **увозот** од 4,4%, со што вкупната **надворешно-трговска размена** изразена во евра забележа раст од 1,7%;
- **Трговската отвореност** на Република Македонија во К-4-2012 изнесува 104% и е скоро иста во однос на истиот квартал од 2011 година, кога истата била 103,9%

# 1. Макроекономски трендови и реален сектор

Во К-4-2012 во однос на истиот квартал претходната година, **БДП бележи раст од 0,2% на реална основа** по растот од 0,3% остварен во претходниот квартал. Просечната стапка на економски раст во 2012 година изнесува -0,3%, што се должи на падот на БДП во првата половина од 2012 година. Неповолните економски движења во ЕУ, неизвесноста поврзана со должничката криза во Еврозоната и очекувањата на економските субјекти имаа значително влијание врз економската активност во 2012 година.

**Номиналниот раст** на БДП во К-4-2012 година изнесува 5% споредено со истиот квартал претходната година, а просечниот номинален раст во 2012 година изнесува 0,2%.

Анализирано според **производната страна на БДП**, во К-4-2012 година највисока реална стапка на раст е забележана во секторот Градежништво од 10,6%, по растот од 16,7% во претходниот квартал, со што просечниот раст во 2012 година изнесува 4,6%, значително придонесувајќи за ублажување на падот на БДП во 2012 година. Во секторот Хотели и ресторани во К-4-2012 година е забележан раст од 5,2%, со што продолжува трендот на стабилен позитивен раст во овој сектор.

График 1.1. БДП по производен метод - придонес во раст;
Извор: Пресметки на МФ врз база на податоци од ДЗС




Стапката на раст во секторот Јавна управа изнесува 2,8%. Секторот Финансиски услуги продолжува со позитивните движења, па во К-4-2012 година забележа раст од 2,6%. Секторот Земјоделство забележа раст од 2,4%. Во секторот Трговија се забележуваат позитивни знаци во последните два квартала и во К-4-2012 година растот изнесува 1,2%. Во секторот Сообраќај, складирање и врски е остварен пад од 1,4%. Пад е забележан и во секторот Индустрија од 6%.

Намалувањето на стапката на **индустриското производство**[1] во К-4-2012 година од 5,7%, главно се должи на намаленото вадење јаглен и лигнит (16,3%), вадење други руди и камен (21,7%), производството на прехранбени производи (7,8%), производството на тутунски производи (39,2%), преработката на дрво и производи од дрво (4,4%), производството на хартија (23,2%), печатењето и продукцијата на

[1] Пресметан врз основа на месечното соопштение Индекс на индустриското производство.

снимени медиуми (46,6%), производството на кокс и рафинирани нафтени производи (55,5%), производството на хемикалии и хемиски производи (14,3%), производството на други неметални производи (18,1%), производството на метали (12,0%), производството на електрична опрема (24,5%), производството на машини и уреди, неспомнати на друго место (28,0%), производството на моторни возила, приколки и полуприколки (61,7%), производството на мебел (11,3%) и снабдувањето со електрична енергија (17,8%). Од аспект на структурата на индексот на индустриското производство, кај 70% од гранките е забележан пад.

Од друга страна, раст е остварен кај: вадење руда и метал (23,6%), производство на пијалаци (24,4%), производство на текстил (6,4%), производство на облека (9,2%), производство на кожа (9,0%), производство на фармацевтски производи (4,6%), производство на производи од гума (21,7%), производство на фабрикувани метални производи (77,2%), производство на останата опрема за транспорт (58,2%) и останата производствена индустрија (31,5%).

График 1.2. БДП по расходен метод - придонес во раст;
Извор: Пресметки на МФ врз база на податоци од ДЗС




Анализирано според расходната страна на БДП, во К-4-2012 година највисок раст од 10,8% е забележан кај бруто инвестициите, . Растот на бруто инвестициите соодветствува со високиот раст на градежништвото, како и растот на домашното производсвото на капитални добра. Финалната потрошувачка во К-4-2012 година забележа пад од 0,9%, што се должи на падот на личната потрошувачка од 2%, додека јавната потрошувачка забележа раст од 3,5%. Падот на личната потрошувачка соодветствува со

График 1.3. Број на вработени и стапка на невработеност; Извор: ДЗС



реалниот пад на просечната плата во земјата, како и падот на домашното производство на добра за широка потрошувачка. Ниската економска активност во земјите на ЕУ и соодветно на екстерната побарувачка резултираше со благ раст на извозот на стоки и услуги од 0,6% на реална основа. Од друга страна, пак, увозот на стоки и услуги забележа раст од 3,8%, како последица на силниот раст на бруто инвестициите.

Според **Анкетата на работната сила**, бројот на вработени во К-4-2012 година е повисок за 2,9% во однос на истиот квартал претходната година. Активното население во четвртиот квартал се зголеми за 1,2%, придружено со намалување на бројот на невработени од 2,6% на годишна основа. Ваквите движења на пазарот на трудот предизвикаа стапката на невработеност во К-4-2012 да се намали на 30,6%, односно за 1,2 п.п. споредено со истиот квартал претходната година, а во однос на претходниот квартал нема промена во стапката на невработеност. Стапката на вработеност во К-4-2012 година изнесува 39,3% и во однос на истиот квартал претходната година е поголема за 0,8 п.п., додека во однос на претходниот квартал е повисока за 0,2 п.п. Активното население во четвртиот квартал претставува 56,7% од вкупното работоспособно население.

## 2. Цени, трошоци и продуктивност

**Стапката на инфлација**, мерена според Индексот на трошоци на живот, во К-4-2012 година изнесува 4,9% во однос на истиот квартал од 2011 година, што претставува засилен раст споредено со претходниот квартал кога истиот беше 3,8%. Највисок раст на цените е забележан кај категоријата Облека и обувки од 9,7%, следен од растот кај категоријата Домување од 9,6% што се должи најмногу на порастот на цените за греење од 13,8%, како и на цените на електричната енергија кои се зголемија за 18,4%. Во однос на претходниот квартал, растот на цените во категоријата Домување забележа зголемен интензитет од 1,0 п.п.

Растот на цените во категоријата Исхрана во К-4-2012 година изнесуваше 4,8% наспроти растот од 3,4% во претходниот квартал. Цените во категоријата Хигиена и здравје се зголемија за 4,1%, додека растот на цените во категоријата Култура и разонода изнесува 3,1%. Цените во категоријата Сообраќајни средства и



услуги бележат раст од 1,6%, главно како резултат на зголемените цени за течни горива и масла. Во категоријата Ресторани и хотели цените се повисоки за 1,5% додека во категоријата Тутун и пијалаци растот на цените изнесува 0,1%. Цените во категоријата Административни и финансиски услуги се намалија за 0,2%.

Базичната инфлација (која го исклучува ефектот на храната и енергијата) во К-4-2012 година изнесува 2,9%, што е повисоко ниво за 1,1 п.п. споредено со базичната инфлација во претходниот квартал (1,8%).

Цените на мало во К-4-2012 година забележаа забрзан пораст од 3,9% споредено со истиот квартал од 2011 година. Најголем придонес во растот на цените на мало има категоријата Индустриски производи каде е забележан раст на цените од 5,3%, придонесувајќи со 2,9 п.п. во вкупниот раст на цените на мало. Во рамките на оваа категорија, највисок раст на цените е забележан кај непрехранбените производи од 6,8%. Прехранбените производи забележаа раст на цените од 3,9%. Малопродажната цена на пијалаците е зголемена за 0,2%. Малопродажните цени во категоријата Земјоделски производи забележа пораст од 8,2%.

Просечната нето плата во К-4-2012 година изнесува 21.119 денари и е повисока за 0,3% на номинална основа од нето платата во К-4-2011 година. На реална основа, нето платата забележа пад од 4,3%. Просечната бруто плата изнесува 30.979 денари и е повисока за 0,4% на номинална основа, односно пониска за 4,3% на реална основа, споредено со бруто платата во К-4-2011 година.

Растот на економската активност во К-4-2012 година беше проследен и со позитивен годишен раст на бројот на вработени, што резултираше со пад на продуктивноста на трудот за 2,6%. Имено, во К-4-2012 е забележан пораст на физичкиот капитал од 4,2%, по растот од 2,4% во претходниот квартал. Ваквите тенденции на факторите на растот предизвикаа вкупната факторска продуктивност (ВФП) да забележи намалување од 3,2% во К-4-2012 година, по падот од 1,1% во претходниот квартал. На Графикот 2.2 е прикажан трендот на ВФП и продуктивноста на трудот.

График 2.2. Раст на ВФП и продуктивноста на трудот;
Извор: Пресметки на МФ врз база на податоци од ДЗС



# 3. Фискален сектор

Во четвртиот квартал од 2012 година беше забележано повисоко остварување на вкупните буџетски приходи во однос на истиот квартал 2011 година, придружено со повисоки буџетски расходи. Дефицитот на Буџетот изнесуваше 5.759 милиони денари во К-4-2012 или 4,6% од реализираниот БДП за овој квартал (дефицитот на Централниот буџет изнесуваше 5.404 милиони денари, односно 4,3% од БДП што е зголемување од 1,1 п.п. од претходниот квартал).

И во четвртиот квартал од 2012 година продолжи да се води контрациклична фискална политика насочена кон ублажување на последиците од светската економска криза врз македонската економија и задржување на макроекономската стабилност. Притоа, не беше загрозена фискалната одржливост на јавните финансии.

График 3.1. Буџетски приходи и расходи во К-2-2011;

Извор: МФ




Вкупните **буџетски приходи** се повисоки за 1,2% споредено со истиот квартал од 2011 година, што најмногу се должи на поголемото остварување на придонесите за 3,8%, додека даночните приходи остварија намалување од 8,5%. Притоа беше забележана пониска наплата кај данокот на додадена вредност, кај персоналниот данок и данокот на добивка, додека приходите од акцизи и царини остварија зголемување. Приходите од ДДВ доминираат и претставуваат 48,5% од вкупните даночни приходи, во К-4-2012 се пониски за 18,7% споредено со истиот квартал 2011 година. Во структурата на бруто приходите од ДДВ се забележа зголемување на наплатата на ДДВ од увоз за 7,8%, додека ДДВ од прометот во земјата забележува пад од 7,2%, согласно прометот во трговијата, а динамиката на поврат на ДДВ е интезивирана. Приходите од акцизи се повисоки за 8,7% споредено со истиот квартал од 2011 година. Во рамки на директните даноци, кај данокот на добивка е забележано намалување од 3,5% или 6,1 п.п. во однос на претходниот квартал (треба да се има предвид дека приходот за данок на исплатената дивиденда и друга распределба од добивката, учествува со значаен процент во структурата на овој данок). Приходите од персоналниот данок на доход беа намалени за 1,6% во споредба со четвртиот квартал од претходната година. Гледано од аспект на структурно учество во БДП, директните даноци, на годишна основа, го намалија

своето учество во БДП за 0,2 п.п., додека кај индиректните даноци беше намалено за 2 п.п. .

Наплатата на социјалните придонеси беше повисока за 3,8%, при што зголемување на наплатата беше забележана кај сите придонеси, односно кај придонесите за пензиско осигурување од 3,8%, кај придонесите за здравствено осигурување од 3,7%, а кај придонесите за вработување од 4,4%. Неданочните приходи, кои претставуваа 2,4% од вкупниот квартален БДП беа реализирани на повисоко ниво за 0,5% во однос на истиот период од 2011 година.

Капиталните приходи во К-4-2012 на годишна основа беа повисоки за 6,4% ( во овие приходи спаѓаат приходите од закуп на градежно земјиште, како и продажба на станови и приходи од дивиденди). Приходите по основ на донации се поголеми  за 5,8 пати споредено со К-4-2011.

Во К-4-2012 вкупните **буџетски расходи** беа повисоки за 10,9% споредено со истиот квартал од 2011 година. Тековните расходи, кои претставуваа 84,5% од вкупните расходи, беа поголеми за 6,7% на годишна основа. Капиталните расходи кои учествуваа со 15,5% во вкупните расходи, беа повисоки за 41,1% споредено со К-4-2011 година. Во рамки на тековните расходи, расходите за стоки и услуги беа зголемени за 19,7%, додека за расходите за плати и надоместоци беше забележано намалување за 2,0% во однос на истиот квартал лани. Средствата за трансфери, беа повисоки за 5,7% на годишна основа, а учеството на категоријата “Други трансфери“ во вкупните трансфери изнесуваше 23,0% (овде се вклучени трансферите кон локалната власт - блок и наменските дотации, како и други субвенции и трансфери кои беа зголемени за 10,1% на годишна основа). Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, беа извршени за 1,3% повеќе во однос на истиот квартал од 2011 година. Расходите за каматни плаќања беа зголемени за 37,6%, при што расходите по камати на домашен долг забележаа раст од 75,3%, додека каматите за странскиот долг беа зголемени за 24,4%.

График 3.2. Долг на централна влада и неговата структура; Извор: МФ




Фискалното оптоварување, мерено како утврден дел на буџетски приходи[2] во однос на номиналниот БДП, во К-4-2012 изнесуваше 24,5% и претставува намалување од 1,7 п.п. во однос на К-3-

[2] Вклучува даночни приходи, социјални придонеси, административни такси и давачки и патарини

2012. Вкупните буџетски расходи претставуваа 33,0% од БДП, што е за 0,1 п.п. понизок остварен износ во однос на К-3-2012, односно на годишна основа зголемување од 2,8%.

Вкупниот **долг** на централната влада на крајот на К-4-2012 изнесуваше 32,1% од БДП, што претставува зголемување од 1,9 п.п. во однос на К-3-2012 година. Учеството на надворешниот долг на централната влада во вкупниот долг на централната влада беше намалено за 5,0 п.п., во однос на К-3-2012, додека учеството на внатрешниот долг на централната влада во вкупниот долг на централната влада беше зголемено за исто толку процентни поени. Со тоа, учеството на внатрешниот долг на централната влада беше зголемено на 36,6% од вкупниот долг на централната влада. Ваквата состојба укажува дека дополнителното задолжување, што е неминовно за водење поекспанзивна фискална политика, било надворешно или внатрешно, не би ја загрозило фискалната одржливост, при што е неопходна координација со монетарната политика. Здравата фискална политика е еден од Мастришките критериуми за конвергенција, со поставени граници на 3% од БДП за буџетскиот дефицит и 60% од БДП за државниот долг.

## 4. Монетарно-финансиски движења

Во четвртиот квартал од годината, Народната банка на Република Македонија ја задржа максималната основна каматна стапка непроменета, односно на нивото од 3,75%, оценувајќи ја поставеноста на монетарната политика како соодветна на макроекономскиот амбиент.

**Примарните пари**[3] во К-4-2012 година забележаа раст од 5,7% на квартална основа во услови на раст на готовите пари во оптек и вкупната ликвидност на банките, од 6,5% и 5,1%, соодветно.

Во текот на четвртиот квартал на 2012 година најтесната парична маса **М1** забележа квартален раст од 4,4% во однос на К-3-2012 година. **Монетарниот агрегат М2**, во К-4-2012 по падот во

График 4.1. Кредити и кредитен раст и М4; Извор: НБРМ




[3] Ги вклучува готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајната на банките), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари)

претходните два квартала, забележа раст од 1,4%, додека најширокиот **монетарен агрегат М4** забележа засилен раст од 2,2% во однос на претходниот квартал, што се должи на зголемувањето на најликвидните средства (готови пари во оптек и депозитни пари).

**Вкупниот депозитен потенцијал**[4] на банките, во К-4-2012 година се зголеми за 2,6% на квартална основа. Притоа од аспект на секторот, депозитите на домаќинствата го засилија кварталниот раст на 2,3%, наспроти 0,5% во претходниот квартал, додека депозитите на приватните претпријатија по падот во претходните два квартала, забележаа раст од 5,7% во однос на К-3-2012 година кога истите се намалија за 0,5%.

Од аспект на валутата, доминантен придонес во растот на вкупните депозити оствариja денарските депозити кои се зголемија за 3,5% на квартална основа, додека девизните депозити се зголемија за 1,6%, што резултираше во понатамошно намалување на степенот на евроизација за 0,5 п.п., односно на 45,5%, мерено преку учеството на девизните депозити во вкупниот депозитен потенцијал.

Според рочноста, долгорочните депозити, кои се зголемија за 5,7% (5,5% во К-3-2012), го водеа растот на вкупните депозити. Од друга страна, пак, краткорочните депозити во К-4-2012 година го запреа падот од претходните два квартала и забележаа раст од 0,2%.

**Кредитната активност на банките кон недржавниот сектор** во К-4-2012 година бележи забавена стапка на раст од 0,4% на квартално ниво, во услови на забавен кредитен раст кон секторот за домаќинства од 0,9% и намалено кредитирање на корпоративниот сектор од 0,1%.

Од валутен аспект, кредитите во странска валута го намалија падот на 1,4% на квартално ниво, додека денарските кредити во К-4-2012 година регистрираа квартален раст од 1,0% и со тоа го водеа растот на вкупните кредити.

Според рочноста, долгорочните кредити во К-4-2012 година бележат квартален раст од 1,9% (наспроти падот од 1,8 во К-3-2012 година), додека краткорочните кредити се намалија за 1,8% (наспроти растот од 2,9% во К-3-2012 година).

---

[4] Депозитите вклучуваат и пресметана камата



График 4.2. Каматни стапки (КС) на депозитни банки;
Извор: НБРМ

Во четвртиот квартал од 2012 година, НБРМ ја задржа максималната **основна каматна стапка** на ниво од 3,75%. Каматните стапки на депозитните банки во К-4-2012 година забележаа одредени надолни поместувања на квартална основа. Имено, каматната стапка на депозитните банки за денарските кредити се намали за 0,1 п.п. во однос на претходниот квартал и изнесува 8,3%. Со тоа продолжи трендот на намалување на оваа каматна стапка, кој започна од почетокот од 2010 година. Каматната стапка на девизните кредити се намали од 6,9% на 6,8%. Каматната стапка на денарските депозити исто така се намали за 0,1 п.п. на квартална основа, додека каматната стапка на девизните депозити го задржа нивото.

Каматната стапка на новоодобрените денарски кредити е зголемена за 0,2 п.п. на квартално ниво и изнесува 8,0%, додека каматната стапка на новоодобрените девизни кредити бележи пад од 0,6 п.п. и изнесува 6,4%. Каматната стапка на новопримените денарски депозити е зголемена за 0,2 п.п. во однос на К-3-2012 година и изнесува 2,9%, додека каматната стапка на новопримените девизни депозити изнесува 0,7%, како и во претходниот квартал.



График 4.3. Вкупен промет на берза и МБИ 10;
Извор: Македонска берза

На **пазарот на капитал** во четвртиот квартал од годината се забележа раст на вкупниот промет на берзата од 67,5% во однос на К-3-2012 година, што во голема мера беше резултат на остварените блок трансакции во ноември 2012 година. Прометот остварен преку класично тргување се зголеми за 21,9% во однос на претходниот квартал, додека во однос на

истиот квартал претходната година истиот забележа пад од 2,3%.

Македонскиот берзански индекс МБИ-10, како агрегатен показател на берзанските движења на крајот на четвртиот квартал изнесуваше 1.731,18 индексни поени, што претставува намалување од 5,0% во однос на септември 2012 година, додека во однос на декември 2011 година индексот е понизок за 12,3%.

# 5. Надворешен сектор

## 5.1. Надворешно - трговска размена

Според податоците на Државниот завод за статистика во К-4-2012 година вкупната надворешно-трговска размена со странство изнесува 2177,1 милиони евра и бележи раст од 1,7% во однос на истиот квартал од 2011 година.

Во К-4-2012 година **извозот** на стоки изнесува 809,1 милиони евра и во однос на истиот квартал од претходната година забележана е контракција од 2,4%, додека во однос на претходниот квартал забележан е раст од 2,1%.




Анализирано **по сектори на СМТК** (Стандардна меѓународна трговска класификација), позитивни движења во **извозот** во К-4-2012 година во однос на истиот квартал од 2011 година се забележуваат кај:

- машини и транспортни уреди за 6,9% (во рамките на кои категоријата индустриски машини и делови порасна за 44,2% или 13,5 милиони евра);
- хемиските производи за 8,4% (хемиски материи и производи за 9,4% или 9,3 милиони евра и медицински и фармацевтски производи за 15,3% или 2,8 милиони евра);
- суровини освен гориво за 15,8% (при што категоријата метална руда и отпадоци од метал забележа раст од 21,0% или 8,1 милиони евра); и
- производи за храна за 8,0% (овошје и зеленчук за 9,9% или 3,7 милиони евра).

Од друга страна, негативни движења во извозот се забележуваат кај:

- производи класирани по материјалот за 17,3% (железо и челик за 25,4% или 48,6 милиони евра);
- пијалаци и тутун за 11,0% (тутун за 36,5% или 14,5 милиони евра); и
- минерални горива и мазива за 9,8% (во рамките на кои категоријата нафта и производи од нафта се намали за 14,3% или 6,7 милиони евра).

Во К-4-2012 година, гледано по **економска намена** најголемо учество во извозот имаат: стоките за индустриско производство (48,5%), потоа следуваат стоките за лична потрошувачка (35,6%), производите за инвестиции (10,2%) и енергијата (5,6%).

**Увозот на стоки** во К-4-2012 година изнесува 1.368,0 милиони евра и претставува раст од 4,4% во однос на К-4-2011 година, додека во однос на претходниот квартал, растот изнесува 11,9%.

Анализирано **по сектори на СМТК**, најголемо позитивно придвижување на **увозот** во К-4-2012 година во однос на К-4-2011 година се забележува кај:

- производи класирани по материјалот за 10,9% (обоени метали за 28,2% или 20,3 милиони евра);
- минерални горива и мазива за 1,6% (нафта и производи од нафта забележа раст од 4,9% или 10,3 милиони евра);
- машини и транспортни уреди за 8,9% (при што зголемување има кај категориите: друмски возила за 13,3% или 7,1 милиони евра; индустриски машини и делови за 9,4% или 3,2 милиони евра; електрични машини, апарати и делови за 6,3% или 2,7 милиони евра);
- хемиски производи за 14,5% (при што зголемување се забележува кај категориите: неоргански хемиски производи за речиси трипати или 7,4 милиони евра; производи за боење и штавење за 36,8% или 4,0 милиони евра);
- производи за храна за 3,0% (месо и преработки од месо за 8,9% или 2,7 милиони евра; овошје и зеленчук за 7,7% или 1,4 милиони евра; кафе, чај, какао, зачини и производи од иститe за 6,4% или 1,2 милиони евра);
- пијалаци и тутун за 22,1% (тутунот се зголеми за 42,5% или 2,4 милиони евра);

Најголемо негативно придвижување на увозот се забележува кај:

- суровини освен гориво за 37,5% (метална руда и метални отпадоци се намали за 48,5% или 27,9 милиони евра);

Гледано по **економска намена** во К-4-2012 година најголемо учество во увозот имаат стоките за индустриско производство (40,6%), потоа следуваат: стоките за лична потрошувачка (23,6%), енергијата (20,7%) и производите за инвестиции (15,0%).

Во К-4-2012 година, надворешно-трговската размена на Република Македонија со Европската унија (ЕУ 27) е зголемена за 7,0% во однос на К-4-2011 година, при што

учеството на размената со оваа интеграција во вкупната надворешно-трговска размена се зголемило за 3,7 п.п. во однос на четвртиот квартал од 2011 година и изнесува 59,1%, при што извозот на стоки учествува со 63,4%, а увозот на стоки со 56,6%.

График 5.2. Земји со најголемо учество во извозот (лево) и во увозот (десно) во К-4-2012
Извор: Пресметки на МФ врз база на податоци од ДЗС




Како резултат на структурните промени во размената со странство, во четвртиот квартал од 2012 година, 77,2% од трговскиот дефицит на земјата е последица на дефицитот во размената со Грција, Русија, Велика Британија, Турција и Кина, а остатокот од дефицитот е последица на размената со: Србија, Италија, Швајцарија, Словенија, Бугарија и други. Суфицит во размената е остварен со Германија, Косово и Босна и Херцеговина.

## 5.2. Платен биланс

Според податоците на Народна банка, во четвртиот квартал од 2012 година, на салдото на тековната сметка на билансот на плаќања беше регистриран дефицит од 136 милиони евра, кој е проширен за 4,5 пати на годишно ниво (во К4-2011 година дефицитот на тековната сметка изнесувал 29,9 милиони евра).

График 5.3. Анализа на тековната сметка;
Извор: НБРМ и пресметки на МФ




Проширувањето на дефицитот на тековната сметка во најголема мера се должи на продлабочениот трговски дефицит и на намалените приливи по основ на нето-

тековни трансфери, но исто така и на зголемениот одлив на нето доходи, како и зголемениот увоз на нето услуги, кој придонесува за влошената состојба на тековната сметка.

При нагорно приспособување на извозот за 2 п.п. со сè уште негативен придонес во надворешно-трговската размена, и при пораст на увозот од 4,1% на квартално ниво, трговската сметка забележа продлабочување во однос на претходниот квартал за 30,5%.

На сметката на услугите во К4-2012 година беше регистриран дефицит од 13,8 милиони евра, што претставува влошување во однос на претходниот квартал кога беше забележан суфицит од 34,2 милиони евра. Негативното салдо на сметката на услугите (односно зголемениот увоз на услуги) влијаеше на продлабочувањето на дефицитот на тековната сметка.

Дефицитот на сметката на нето-доходи во К4-2012 година забележа благо продлабочување во однос на претходниот квартал, што исто така негативно влијаеше на салдото на тековната сметка.

Тековните трансфери во К4-2012 година регистрираа суфицит од 430 милиони евра, што во однос на К3-2012 година претставува намалување од 5,4%.

Во вакви услови, салдото на тековната сметка оствари продлабочување како на годишна основа така и во однос на претходниот квартал.

### 5.2.1. Тековна сметка

Во четвртиот квартал од 2012 година салдото на тековната сметка беше негативно и изнесуваше 6,7% од БДП и истото е продлабочено за 165,9 милиони евра споредено со К-4-2011 година.

График 5.4. Салдо на тековна сметка (% од БДП); Извор: НБРМ




Проширувањето на дефицитот на тековната сметка во однос на К-4-2011 година во најголема мера се должи на продлабочениот трговски дефицит и дефицитот на сметката на нето услуги, како и поради намалените приливи по основ на нето-тековни трансфери, и зголемениот одлив на нето доходи.

При поголемо надолно приспособување на увозот во однос на извозот, трговската сметка забележа продлабочување за 16,3% во однос на К-4-2011 година .

На сметката на услугите во К-4-2012 година беше регистриран дефицит од 13,8 милиони евра, што претставува влошување во однос на К-4-2011 година кога беше забележан суфицит од 16,2 милиони евра. Негативното салдо на сметката на услугите влијаеше на продлабочувањето на дефицитот на тековната сметка.

Дефицитот на сметката на нето-доходи во К-4-2012 година забележа продлабочување во однос на К-4_2011 година за 30,1 милиони евра, што исто така негативно влијаеше на салдото на тековната сметка.

Трговската отвореност на Република Македонија во К-4-2012 година изнесува 104,0% и е скоро иста во однос на истиот квартал од 2011 година, кога истата била 103,9%.

Во К-4-2012 година трговското салдо (-25,2% од БДП), бележи негативно поместување во однос на претходните четири квартали.

Нето - тековните трансфери во К-4-2012 година изнесуваат 430,2 милиони евра и истите се пониски за 33,9 милиони евра или за 7,3% во однос на К-4-2011 година. Падот се должи на приватните трансфери кои се намалиле за 8,4%, и учествуваат со 91,4% во вкупните нето-трансфери. Приватните трансфери во К-4-2012 изнесуваат 393,1 милиони евра. Подетално анализирано, во приватните трансфери доминантно учество имаат другите трансфери (88,6%) кои се намалиле за 9,2% на годишно ниво и изнесуваат 348,4 милиони евра, додека дознаките од вработените се намалиле за 2,1% споредено со К-4-2011 година и изнесуваат 44,7 милиони евра.

Споредено со претходниот квартал, нето - тековните трансфери се намалиле за 5,4% или за 24,5 милиони евра, во најголем дел поради падот на приватните трансфери од 13% или за 58,8 милиони евра.

Покриеноста на трговскиот дефицит со приватните трансфери во К-4-2012 година изнесува 76,4% и истата е намалена за 20,6 п.п. на годишно ниво.

### 5.2.2. Капитална и финансиска сметка

Капиталната и финансиската сметка во К-4-2012 година бележи суфицит и салдото изнесува 130,3 милиони евра, што е проширување за 161,7 милиони евра во однос на К-4-2011 година. Според финансиската сметка, во К-4-2012 година регистриран е прилив од 61,6 милиони евра нето-

График 5.5. Официјални девизни резерви; Извор: НБРМ



директни инвестиции, што е намалување од 41,9% во однос на К-4-2011 година кога бил остварен суфицит од 105,5 милиони евра.

На крајот на К-4-2012 година, официјалните девизни резерви изнесуваат 2.193,3 милиони евра и истите се повисоки за 6% во однос на К-4-2011 година. Доминантно учество во официјалните резерви имаат девизните резервни средства, односно хартиите од вредност со учество од 68,0% или 1.492,2 милиони евра, потоа валутите и депозитите кои учествуваат со 19,3% или 424,3 милиони евра, додека монетарното злато учествува со 12,6% или 275,6 милиони евра.

Извештајот го подготви

**Министерство за финансии**
**Сектор за макроекономска политика**

Ана Николова
Ангела Васовска
Анета Дудеска
Ѓоко Ѓорѓески
Копринка Сапунова
Неџати Куртиши

Контролирал:

**Д-р Сања Киковска - Георгиевска**

Одобрил:

**Јордан Трајковски**

Jordan.Trajkovski@finance.gov.mk

Скопје, април 2013 година